# Мој Термин - Упатство

## За издавање на упат за Хемодијализа

Декември 2019,
Управа за електронско здравство
Министерство за здравство

## Најава на систем

За најава во Националниот систем за електронски евиденции во здравството, Мој термин, најпрвин се пристапува на страната www.mojtermin.mk, се избира полето **Здравствени работници**, каде со избор на **Најава**, се отвора нов прозорец за внес на *Корисничко име* и *Лозинка* (Слика 1).




Слика 1: Најава на систем




Слика 2: Внес на корисничко име и лозинка

## Евиденција на амбулантски пациенти

### 1. Креирање Преглед и изготвување на Извештај од преглед

Со новите измени во системот овозможено е евидентирање на Прегледите кои се водат кај матичен лекар како и изготвување на Извештај од Преглед.

По успешна најава во системот, до страната Пациенти се пристапува со клик на Прием на пациенти. (Слика 1)




Слика 1

Секој Преглед кај матичен лекар во системот се евидентира со клик на копчето Преглед (Слика 2), во формата која се отвара (слика 3) се внесува ЕМБГ/ЕЗБО при што со клик на копчето Зачувај пациентот се евидентира во системот.




Слика 2




Слика 3

Евидентираниот пациент се наоѓа во делот Пациенти, со клик на **Името и презимето** на пациентот се пристапува до формата за внес на Извештај од преглед. (Слика 4)




*Слика 4*

Задолжителни податоци за внес во Извештајот се: **МКБ 10 дијагноза од прегледот, Тип на преглед – избор од паѓачко мени, Наод (дијагноза)/мислење и Мобилен телефон за пациентот.** (Слика 5)




Слика 5

По комплетирање на податоците од Извештајот со клик на **Зачувај** истите се запишуваат, а со тоа дополнително се прикажуваат и останатите табови, Боледување, Упатувања/контрола, Рецепти. Доколку има потреба од промени во извештајот, истите може да се внесат при што со клик на промените се запишуваат. Доколку не е потребно аплицирање на терапија, издавање на упат или боледување за пациентот, со клик на копчето Назад до амбулантски пациенти се враќате во страната Пациенти од каде со клик на Извештај, Извештајот може да се прегледа и/или испечати.

## 2. Упатувања

Доколку за пациентот е потребно да се издаде упат се пристапува до табот **Упатувања/Контрола**. Се избира **Тип на упат** од паѓачкото мени - **Упат за хемодијализа.** (Слика 6)




Слика 6

Откако се ќе се избере типот на упат, потоа се бира соодветната установа кон која се упатува пациентот. (Слика 7)




Во полето **Наоди за извршените прегледи, дијагностички и терапевтски постапки** се внесува наодот за пациентот (потреба за хемодијализа).(Слика 8)



Откако ќе се внесе наодот за пациентот се клика на копчето **Зачувај** и упатот е креиран и добива електронски број. Пред полето **назад до амбулантски пациенти** се појавува креираниот упат може да се прегледа/испечати преку страната пациенти или во рамки на самиот таб упатувања/контрола со едноставен клик на упат бројот (слика 9).




Слика 9

**За прашања и коментари во врска со наведените опции и за се што е поврзано со користење на системот Мој Термин, може да ни се обратите на телефонот за техничка поддршка (02) 15 444 и на адресата mojtermin@zdravstvo.gov.mk Тимот на Мој Термин Ви посакува успешна работа.**